РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
Бр.-Nr. 04 - 868 / 2
12 -03- 2025 20
Скопје-Shkup

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19 и 121/24), член 30, 31, 33 и 45 став (4) од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на РМ“ број 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15, 71/16 и „Службен весник на РСМ“ број 101/19, 275/19, 14/20, 171/22, 65/23, 14/24 и 30/24) и Правилникот за начинот на прием на кандидати за офицери и подофицери на служба во Армијата на Република Македонија по пат на интерен оглас (бр. 01-2054/1 од 17.03.2015 година), како и искажаните потреби од Армијата „ОУ“ бр.21-33/856 од 20.12.2024 година, министерот за одбрана распишува

# ИНТЕРЕН ОГЛАС
## за прием на кандидати за подофицери на служба во Армијата

Се распишува интерен оглас за прием на **120 (сто и дваесет)** подофицери на служба во Армијата на Република Северна Македонија (во натамошен текст „Армијата“), и тоа:

- Пешадија ........ 45 кандидати;
- Артилерија ........ 15 кандидати;
- Инженерија ........ 5 кандидати;
- Врски ........ 15 кандидати;
- Воздушно набљудување и јавување ........ 1 кандидат;
- Служба на специјални сили ........ 2 кандидати;
- Техничка служба ........ 5 кандидати;
- Интедантска служба ........ 5 кандидати;
- Санитетска служба ........ 10 кандидати;
- Сообраќајна служба ........ 15 кандидати;
- Општа воена специјалност ........ 1 кандидат;
- Логистичка служба ........ 1 кандидат;

На интерниот оглас може да се пријават професионални војници на служба во Армијата кои ги исполнуваат условите утврдени во огласот и тоа:

1. да е државјанин на Република Северна Македонија;
2. да е полнолетен;
3. да има посебна здравствена и физичка способност;
4. да има минимум четири години работен стаж во Армијата и најмалку чин десетар и

5. да не е постар од 43 години и 6 месеци на денот на завршување на огласот.

Предност при приемот имаат кандидатите со:

- најдобри резултати при службеното оценување (последните две службени оценки, проверката на физичката подготвеност и познавање на англиски јазик);

- завршен „Примарен курс за лидери“ или „Лидерски курс за водачи на тимови и одделенија“ од мобилните тренинг тимови од Обединетото Кралство или „Основен курс за специјални единици“ во Соединетите Американски Држави, и

- завршени соодветни курсеви согласно родот/службата.

Рокот за пријавување на интерниот оглас е 15 дена од денот на неговото објавување, односно од 12.03.2025 до 26.03.2025 година.

Заинтересираните кандидати доставуваат пријави до командите и единиците на Армијата кои се проследуваат до Секторот за образование и обука при Министерството за одбрана. Кон пријавите доставуваат:

– диплома за завршено образование, во оригинал или копија,

– сертификат за завршен „Примарен курс за лидери“ во Команда за Обука и Доктрини (доколку имаат завршено) или сертификат за завршен „Лидерски курс за водачи на тимови и одделенија“ (доколку имаат завршено) или „Основен курс за специјални единици“ (доколку имаат завршено);

– препорака од командант на баталјон односно командир на самостојна чета;

– упатница за систематски специјалистички преглед (не постара од 12 месеци); и

– последните две службени оценки (ќе се обезбедат по службена должност).

Постапката за избор на кандидати ја спроведува Комисија за прием на кандидати за подофицери за служба во Армијата која ја формира министерот за одбрана, согласно Правилникот за начинот на прием на кандидати за офицери и подофицери на служба во Армијата по пат на интерен оглас бр. 01-2054/1 од 17.03.2015 година.

Кандидатите кои имаат поднесено комплетни и веродостојни документи ќе бидат упатени на здравствени прегледи (доколку во последните 12 месеци немаат реализирано редовни здравствени прегледи) за утврдување на нивната посебна здравствена и физичка способност потребна за вршење служба во Армијата, проверка на физичката подготвеност и проверка на познавање на англискиот јазик.

По извршената селекција, Комисијата за прием на кандидати за подофицер за служба во Армијата изготвува листа на кандидати кои ги исполнуваат општите и посебните услови на огласот и ја доставува до министерот за одбрана кој врши избор на кандидати за подофицери на служба во Армијата.

Со избраните кандидати министерот за одбрана склучува договор за стручно оспособување и усовршување за подофицери – „Основен курс за подофицери".

Стручното оспособување и усовршување за подофицери – „Основен курс за подофицери" се организира и спроведува во Командата за обука и доктрини при Генералштабот на Армијата.

По завршувањето на стручното оспособување и усовршување за подофицери, во зависност од потребите на Армијата, лицата се произведуваат во почетен чин за подофицери во соодветен род или служба и се поставуваат на должност согласно актот за формација на Армијата.

Интерниот оглас се објавува на интернет страницата на Министерството за одбрана и на Армијата и на огласните табли во командите и единиците на Армијата.

Акт бр.____________

________ 2025 година

Изработила: ЦЛ Софија Трајковски
Контролирала: Никица Јовановска
Согласна: Ирена Станковска
Одобрила: државен секретар Елизабета Чуповска Ристова

МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА
Владо Мисајловски

Доставено до:
- Кабинет на министерот за одбрана;
- Заменик на министер;
- Генералштаб на Армијата (Командите и единиците на Армијата);
- Државен секретар;
- Државни советници;
- Сите организациони единици во Министерство за Одбрана;
- Воена Академија;
- Архива.